SWISS INNO

“ We protect what you love ”

# Соопштение за јавност

## Безопасна заштита на автомобилите од куни и ласици со ултразвук и висок напон

Сент Гален, 7 декември 2021 година. Мирисот на топлите гуми и пластика делува неодоливо за куните и ласиците, па затоа нашите автомобили се вистинска „оаза на благосостојба“ за овие крзнени животни. Овие здодевни гризачи на кабли се исклучително активни, особено во јуни и јули, за време на сезоната на парење. Но, дури и во зима, може да дојде до оштетување на жиците и каблите во автомобилот, бидејќи штотуку паркираното возило е посакуван извор на топлина во студената сезона. Научните студии открија дека мирисот на друга куна, особено ќе го налути животното на својата територија и ќе резултира со напад и гризење на други животни, па дури и луѓе.

## Каква штета им нанесуваат куните на автомобилите?

Куните ги гризаат и оштетуваат каблите, како и системите за ладење, кочниците и изолационите материјали. Поправката на штетата врз автомобилот предизвикана од куни е синоним за високи трошоци. Ова може да значи сума од неколку илјади денари или многу повеќе. Таквата штета не е само финансиски проблем, ја загрозува и вашата безбедност. Оние кои преземаат превентивни мерки и го штитат својот автомобил пред да се случи оштетување или кои сакаат да избегнат идни оштетувања можат да заштедат многу време, пари и проблеми.

## Класичните стапици ги мачат куните и не го решаваат проблемот

Иако вознемиреноста што луѓето ја чувствуваат кога куните им предизвикуваат голема штета е разбирлива, сепак не смееме едноставно да ги убиеме или повредуваме. Отровните мамки за куни, споредени со отров за глувци или стаорци, не се дозволени во Европа и исто така не се достапни за купување. Настрана од правните и техничките проблеми, убивањето или заробувањето куни не е соодветен начин за заштита на автомобилот затоа што дури и ако успешно сте отстраниле една куна, друга куна ќе се всели за кратко време и ќе ја преземе ослободената територија.

## Домашни препарати против куни

Постојат повеќе алтернативи погодни за животни кои ги држат куните настрана и трајно и ефикасно го штитат автомобилот. Домашните препарати како што се влакната од куче и мачка, чили, средства за чистење на тоалет, топчиња нафталин или урина често се препорачуваат за употреба во просторот каде што е сместен моторот на возилото. Мирисот треба да ги оддалечи куните. Комерцијално достапните препарати против куни исто така содржат мириси и вкусови кои ги бркаат. Овие средства мора да се нанесуваат редовно бидејќи испаруваат или се измиваат во услови на употреба во моторниот простор. Затоа тие се непрактични и често неефикасни. Ултразвучните истерувачи се многу поефикасни. Тие можат да се инсталираат во моторниот простор и да испуштаат многу силен тон на свирење кога возилото е паркирано. Овој звук е нечуен за луѓето, но многу здодевен за куната. Куните и ласиците можат да се избркаат на овој начин, но има мал број на случаи во кои ултразвукот не го постигнува посакуваниот ефект. Тоа се случува кога животното се навикнува на бучавата или не е подеднакво чувствително на бучава поради слаб или оштетен слух.

## Ефективно избркајте ги куните

Производот **Куни СТОП** од компанијата SWISSINNO е исклучително ефикасен. Тој е комбинација од два докажани методи за бркање на овие животни: ултразвук и електричен напон, најдобро спореден со ограда за добиток. Двата методи на контрола се добро воспоставени, и двата се ефективни и погодни за животните. Ултразвукот ги брка повеќето куни кои се приближуваат до возилото. Ако животното успее да ја игнорира бучавата и понатаму е привлечено од топлината на гумите или други куни, високонапонските плочи поставени во близина на моторот ќе го шокираат со безопасен, но доволно силен електричен удар. Куните нема да бидат повредени, но илузијата на „оаза на благосостојба“ во просторот каде што е сместен моторот е ефикасно уништена. Со комбинирање на интензитетот на ултразвучните звуци и електричните удари, куните успешно ќе бидат избркани и ќе бараат засолниште на друго место.

## Едноставно склопување и директно поврзување со акумулаторот на автомобилот

Производот **Куни СТОП** лесно се склопува. Уредот е дизајниран на таков начин што може многу лесно да се инсталира без никакви технички вештини или знаења. Со енергија се снабдува од акумулаторот на автомобилот, па така потрошувачката на енергија е исклучително мала и уредот може да работи со седмици дури и ако автомобилот не работи. Дополнително, уредот има заштита од целосно празнење и автоматски се исклучува доколку напонот на батеријата падне под 11,8 V. Автомобилските додатоци може да ја загрозат оперативната безбедност на возилото, па затоа таквите додатоци се подложни на високи барања. Тоа се стандарди од автомобилскиот сектор, како и CE безбедносните стандарди. Производот **Куни СТОП** е целосно тестиран во согласност со овие стандарди и затоа е апсолутно безбеден и за електрониката на возилото и за самите корисници на возилото.

## Контролата над куните ја прилагодуваме со иновативни производи

**Куни СТОП** е уште еден производ од компанијата SWISSINNO со врвен швајцарски дизајн кој се истакнува со својата ефективност, функционалност и пријателска настроеност наспрема животните. Ваквото квалитетно и специфично истерување на овој вид на штетници дава трајна заштита и покажува почит наспрема природата. “Ние го штитиме она што го сакате” – е мотото на оваа компанија која ќе ги заштити Вашите омилени простори на живеење, луѓето, животните и животната средина.




www.swissinno.com